# Категории на кои може да им се даде зекат

Превод на босански јазик
Сенад Мухиќ

www.davet.org.mk

**Категории на кои може да им се даде зекат**

Издавач: **Здружение за едукација ДАВЕТ**

Преведувач на македонски : **М-р Седин Цафери**

Лектор: **М-р Сеад Цигал**

Јазична рецензија: **М-р Седин Цафери**

Коректура: **Малик Малики**

**Ценита Мустафоска**

Уредник: **Јонуз Мифтари**

Техничка обработка: **Абдула Мифтари**

Дизајн: Јусуф Гоѓуфи

Печати: **Фокус Принт**

Тираж: 5000

www.davet.org.mk

# (مصارف الزكاة)

## (باللغة المقدونية)

Превод на македонски јазик

М-р Сеадин Џафери

2021-1442

# СОДРЖИНА

Категории на кои може да им се даде зекат .................................... 5

Прва и втора категорија: Сиромашните и оние кои се во потреба (фукара' и месакин). ......................................................... 6

Трета категорија: Оние кои учествуваат во собирање на зекатот (العاملون عليها) ........................................................................................ 8

Четврта категорија: Оние чии срца треба да се придобијат ...... 10

Петта категорија: За откуп од ропство (ве-фи-р-рикаби) ......... 12

Шеста категорија: Должници ........................................................ 13

Седма категорија: за потребите на Аллаховиот пат (фи себилиллахи) ....................................................................................... 15

Осма категорија: Патник ................................................................ 18

## Категории на кои може да им се даде зекат

**Прашање:**

Кои се тие фондови, во кои е задолжително да се даде зекат?

**Одговор:**

Благодарноста му припаѓа на Аллах.

Постојат осум категории на кои може да им се даде зекат. Аллах нив доволно ги објаснува и не известува дека тоа е обврска и дека прописот за давање на зекат се заснова на апсолутно знаење и мудрост.

Возвишениот Аллах вели: **Зекатот им припаѓа само на сиромашните (фукара‘) и на оние кои се во потреба (месакин) и на оние кои го собираат и на оние чии срца треба да се придобијат и за откуп од ропство и на должниците и за потребите на Аллаховиот пат и на патникот. Ова е обврска (одредба) од Аллах! Аллах се знае и Мудар е!**

Значи, ова се осумте категории за кои може да се издвои и даде зекат.

## Прва и втора категорија: Сиромашните и оние кои се во потреба (фукара' и месакин).

На овие категории им се дава зекат со цел да нивните основни потреби бидат исполнети.

### Која е разликата помеѓу сиромашните и оние кои имаат потреба:

Сиромашните се оние на кои им е потребна поголема помош од оние кои имаат одредена потреба. Сиромав е онаа личност која нема доволно за основните животни потреби за себе и за своето семејство во наредните шест месеци (половина година). Оној кој е во потреба (мискинот) е во подобра положба од сиромашниот (факирот), од причина што мискинот е личност која има половина или малку повеќе од половина од потребното. На таквите им се дава зекат за да се задоволат нивните потреби.

### Сепак, се поставува прашањето: Како се одредува нечија потреба или што е тоа што ни укажува дека некој е во потреба?

Исламските научници велат: „На нив им се дава онолку колку им те потребно за една година, бидејќи кога ќе помине година, обврска е да се одвои дел од имотот. Па, како што годината е таа врз која утврдуваме кога сме должни да дадеме зекат, така исто се

гледа колку е потребно за една година, да се задоволат основните потреби на сиромавиот и мискинот.

Ова е убав говор, т.е. им даваме на сиромашните и на оние кои се во потреба колку што им треба за цела година, без оглед дали им е дадена храна или облека, или им се дадени пари за да купат што им треба, или одреден алат што некое лице е стручно да го користи, како што се: кројачи, столари и сл. Важно е да им го дадете она што на нив и нивното семејство ќе им биде доволно за период од една година.“

## Трета категорија: Оние кои учествуваат во собирање на зекатот (العاملون عليها)

Тоа се оние кои се овластени од исламските власти од луѓето да собираат зекат. Затоа Аллах вели: والعاملون عليها , а не вели :فيها والعاملون , алудирајќи на тоа дека тие имаат некаков авторитет и власт. Тука спаѓаат (во нив се вбројуваат): оние кои го собираат -го земаат од давачите, оние кои го делат на оние кои се дава зекат, писарите и на нив слични. Сите тие учествуваат во собирањето на зекатот и им се дава од зекатот.

### Сепак, се поставува прашањето: Колку од зекатот им припаѓа?

Ним им се дава сразмерно (пропорционално) на вложениот труд, односно според описот или количината на работа која ја имаат завршено. На таквите им се дава, без разлика дали се богати или сиромашни, затоа што тие земаат од зекатот за работата што ја имаат извршено, а не од потреба. Значи, им се дава пропорционално за работата што ја имаат завршено.

Ако се процени дека собирачите на зекат се истовремено и сиромашни, тогаш им се дава зекат за работата што ја имаат завршено, а исто така им се дава зекат и за нивната сиромаштија, онолку колку им е потребно за една година. Оттука, тие имаат право на

зекат од две причини: (а) една причина е нивната работа во собирање на зекатот, а (б) втората причина е нивната сиромаштија, така што ним им се дава од двете причини заедно.

Значи, ако им дадеме за нивната работа, а тоа не е доволно за нивните потреби за период од една година, дополнуваме сѐ додека не биде доволно. На пример: Ако процениме дека некому му се потребни за една година десет илјади риали[1],

па ние му дадеме десет илјада ријали и тој ги земе, а заслужил две илјади ријали за работата која што ја има завршено, тогаш двете илади му се за работата, а осумте илјади за сиромаштијата.

[1] Околу 2000 евра.

## Четврта категорија: Оние чии срца треба да се придобијат

Ним им се дава зекат за да се придобијат во исламот. Тоа се неверници за кои постои надеж дека ќе го прифатат исламот или муслимани да го зајакнат своето верување, или расипана и злобна личност со што би се отргнало неговото зло од муслиманите и слично. Тоа се луѓе со чие придобивање настанува општа придобивка за муслиманите.

Сепак, дали е условено тоа лице да биде познато и ценето кај неговиот народ, со цел на остварување на општа корист и придобивка за муслиманите, или е дозволено да се даде зекат, дури и да се работи за лична корист, како човек кој скоро го прифатил исламот, па потребно е да му се даде со цел зацврстување на неговото верување?

Исламските научници не се едногласни околу ова прашање, а јас го избрав ставот дека е дозволено да му се даде и на човек кој не е познат и ценет кај неговиот народ. Значи, може да му се даде и на човек поради остварување на лична корист, како што е консолидација и зацврстување на верувањето во неговото срце, од причина што Возвишениот го нема ограничено прописот, туку генерално вели: **„И на оние чии срца треба да се придобијат“.**

Ако е дозволено да се даде на сиромавиот за лична корист, со цел да го зајакне своето тело и да се прехрани, тогаш е поприоритетно да може да се даде на човек чие срце треба да се зајакне со верување, бидејќи зајакнувањето на срцето со верување е поважно од зајакнување на телото со храна.

Кога ќе се додели зекатот на една од овие четири категории, тој станува нивна целосна сопственост, без оглед на тоа дали во текот на годината исчезнала причината поради која добиле зекат. Доказ за ова е дека во ајетот се споменува *ламу-т-темлик*, т.е. *лам* што укажува на тоа дека тие се вистински сопственици на она што го имаат добиено (*иннеме-с-садакату ли-л-фукара*).

Придобивката од ова е во тоа што оној кој како сиромашен човек добил зекат не е должен да го врати ако во текот на годината стане богат.

На пример, ако му дадеме на сиромашниот десет илјади риали (2000 евра) за една година, а тој се збогати во текот на годината и заработи одредено богатство или го наследи, во таков случај тој не е должен да го врати имотот што го добил од зекатот, затоа што истиот станал негова целосна сопственост.

## Петта категорија: За откуп од ропство (ве-фи-р-рикаби)

Исламските научници го толкуваат зборот *ер-рикаб* на три начини:

1. Под зборот *ер-рикаб* се подразбира *мукатиб*, а тоа е роб кој се откупува самиот себе си од својот сопственик, со договор за одложена исплата на средствата. На таквиот му се дава од зекатот за да му се помогне да го врати долгот кон неговиот поранешен сопственик.
2. *Ер-рикаб* означува и роб (*ер-рекик ел-мемлук*) за кој што некој дава зекат да го откупи и да го ослободи.
3. *Ер-рикаб* е исто така и затвореник (*ел-есир*) муслиман за кој што се издвојува одредена сума од зекатот и се исплаќа на неверниците за негово ослободување.

Ова вклучува и киднапирање, на пример, ако некој немуслиман или муслиман киднапира муслиман, може да се издвои зекат за киднаперот, за да се ослободи тој муслиман, бидејќи причината поради што е даден зекат во овој случај е ист како и во случај на затвореник, а тоа е негово ослободување. Ова се прави ако не постои друг начин да се ослободи лицето кое е кај киднаперите.

## Шеста категорија: Должници

Исламските научници го делат долгот на два вида: Долг земен за подобрување на меѓусебните односи и долг земен за задоволување на потребите.

Пример за долг за подобрување на меѓусебните односи е кога две племиња или заедници ќе се скараат. Кога човек ќе се задолжи да би ја извршил оваа хаир работа и ги смири муслиманите, му се дава од зекатот за да го отплати тој долг без разлика дали тој бил сиромашен или не. Не е услов да биде сиромашен затоа што не му се дава за лична потреба и сиромаштија, туку му се дава за општата придобивка која ја има предизвикано.

Вториот вид е оној што се задолжил како би решил своја лична потреба. На таквиот му се дава под услов да нема имот со кој може да го отплати долгот.

**Се поставува прашањето, дали е подобро да му дадеме пари на должникот за да може да го отплати долгот, или ние да му вратиме на оној кому му е должен?**

Одговорот на ова прашање се разликува од ситуација до ситуација. Ако должникот е добар човек кој се грижи за исполнување на договорот, тогаш, нему ќе му се даде зекатот за да тој лично го врати, бидејќи на тој начин ќе биде подалеку од понижувања пред

оние на кои им е должен. Од друга страна, ако лицето е расипник и не се грижи за отплата на долгот, туку ги користи парите за купување на она што не му е потребно, тогаш ќе одиме кај оној од кој што ги позајмил парите и ќе го прашаме за износот што му го должи, па ние ќе го издвоиме потребниот износ или еден дел од него, во зависност од тоа колку сме во можност.

## Седма категорија: за потребите на Аллаховиот пат (фи себилиллахи)

Со терминот *фи себилиллахи* во овој ајет се мисли исклучиво на џихад на Аллаховиот пат. Не е во ред да се каже дека *фи себилиллахи* се однесува на сѐ што е корисно затоа што доколку е така, тогаш нема да има смисла да се набројуваат другите категории, бидејќи секоја од нив е корисна и е на Аллаховиот пат:

Возвишениот Аллах вели: **„Зекатот им припаѓа само на сиромашните (фукара‘) и на оние кои се во потреба (месакин) и на оние кои го собираат и на оние чии срца треба да се придобијат и за откуп од ропство и на должниците и за потребите на Аллаховиот пат и на патникот. Ова е обврска (одредба) од Аллах! Аллах сѐ знае и Мудар е!“** (Ет-Тевбе, 60).

Значи, *фи себилиллахи* е давање зекат наменски за џихад. Тој кој се бори и војува на Аллаховиот пат, може да земе зекат за да се обезбеди она што е потребно за борба.

Дозволено е исто така и купување оружје од зекат, па истото да им биде предадено, но условот е да таа нивна борба биде на Аллаховиот пат.

Што е тоа борба на Аллаховиот пат, објаснува Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селлем, кога бил прашан за човек кој се бори за да ја покаже

својата храброст, кој се бори за славата на своето племе, кој се бори да го видат другите - кој од нив е на Аллаховиот пат? На тоа Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, одговорил: „Кој се бори да Аллаховиот Збор (Закон) биде над сѐ – тој е на Аллаховиот пат“.

Оној кој се бори за својата земја или некои други цели, не го заслужува она што го заслужува лице кое се бори да се воздигне Аллаховиот закон, ниту во однос на световните, а ниту во однос на ахиретските награди и признанија.

Оној кој се бори исклучиво од храброст, значи се бори затоа што е храбар, исто така не заслужува награда затоа што не е на Аллаховиот пат. Така и оној кој се бори за позиција и другите да го видат, не е од оние што тоа го прават во името на Аллах. Значи, сите оние кои не се борат на Аллаховиот пат, не заслужуваат зекат, зашто Семоќниот вели: **„И за потребите на Аллаховиот пат“**, а тоа е џихад што се води исклучиво за возвишување на Аллаховиот збор и закон.

Научниците (алимите) велат: На човек кој ќе се посвети на изучување на исламските науки може да му се даде зекат за да ги покрие потребите поврзани со храна, пијалок, домување и книги, бидејќи изучу-

вањето на исламските науки е еден вид борба на Аллаховиот пат.

Имамот Ахмед вели: „На бавењето (занимавањето) со наука му нема ништо рамно, ако е за (во името на) Аллах“.

Сите шеријатски прописи се базираат на знаење. Ниту еден пропис не се базира на незнаење.

Аллах ја објави книгата за да луѓето според неа праведно судат и да ги проучуваат прописите што им се објавени, како и да ја научат својата вера, без разлика дали станува збор за убедувањето (верувањето), зборовите или практичната примена. Џихадот на Аллаховиот пат е едно од најдобрите дела и тој претставува врв на Исламот и нема сомнение во неговата вредност.

Знаењето во Исламот има висок степен (вредност) и влегува под поимот џихад, што е многу јасно и во што нема ништо спорно.

## Осма категорија: Патник

Тоа е оној патник кој за време на своето патување го потроши или го загуби она што го поседува. На таквиот му се дава зекат, без разлика дали е богат или не, за да може да стигне до своето место. Ако патник се најде во таква ситуација, нема да му се каже: „Позајми пари, па врати ги подоцна", меѓутоа ако тој доброволно сака да позајми, може да го направи тоа.

Доколку, на пример, видиме лице кое на пат од Мекка до Медина го потроши или загуби тоа што го има, можеме да му дадеме од зекатот онолку колку му е потребно да стигне во Медина, без разлика дали бил сиромашен или не.

Откако ги спознавме фондовите во кои може да се даде зекат, тогаш ни станува јасно дека зекатот не може да биде издвоен за други фондови и категории надвор од споменатите.

Врз основа на горенаведеното, зекатот не може да се даде за изградба на џамии, правење и поправка на патишта, градење библиотеки и слично, бидејќи Возвишениот, откако ги спомнуваа категориите на кои може да се даде зекат, вели:

**Ова е обврска (одредба) од Аллах! Аллах се знае и Мудар е!** (Ет-Тевбе, 60.)

Со други зборови, Аллах ги одредил категориите на кои може да се даде зекат, затоа што Тој е Сезнаечки и Мудар.

**Потоа, се наметнува прашањето: Дали е наша обврска да издвоиме зекат за сите категории?**

Одговор на ова прашање: Нема обврска да се издвои за сите категории, доволно е само за една. Доказ за ова е хадисот во кој се споменува дека Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селлем, испраќајќи го Муаз за Јемен, му рекол: **„Подучи ги дека Аллах им го пропиша зекатот кој се зема од нивните богати и се дава на нивните сиромашни.**

„Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селлем, во овој хадис не споменува освен една категорија, што укажува дека ајетот кој зборува за категориите на кои може да се даде зекатот, исто така посочува дека споменатите категории го заслужуваат и дека може да се даде на која било од нив, а не дека мора да се даде на сите нив“.

**Следното прашање што се поставува е: Која категорија од споменатите осум, има приоритет при давање зекат?**

**Одговор:** Приоритет има онаа категорија на која што во моментот ѝ е најпотребно. Сите категории

заслужуваат да им биде издвоен зекат, но предност имаат оние кои се во најголема потреба. Во повеќето случаи најголема потреба имаат сиромашните и мискините, затоа што и Аллах Возвишениот го започнува ајетот со нив: **Зекатот им припаѓа само на сиромашните (фукара‘) и на оние кои се во потреба (месакин) и на оние кои го собираат и на оние чии срца треба да се придобијат и за откуп од ропство и на должниците и за потребите на Аллаховиот пат и на патникот. Ова е обврска (одредба) од Аллах! Аллах сѐ знае и Мудар е!** (Ет-Тевбе, 60.)

А Аллах знае најдобро.

Меџму'у Фатава Ибн Усејмин, 18/331/339.

Ислам, прашања и одговори.